Масовна хајка против уредникот на „Инфомакс“, Александар Митовски. ЗНМ ја осуди

22/03/2025 21:37

Александар Митовски

Откако денеска на социјалните мрежи беше пуштена снимка од улица на која се гледа како уредникот на Инфомакс“ излегува од еден објект, а од него потоа и поранешниот премиер Зоран Заев, почна вистинска хајка против него со големи дискредитирања и закани. На снимката пишува дека е направена овие денови, а самиот Митовски во објавата на Фејсбук вели дека тоа било во „Лето господово 23/24“, сугерирајќи дека тоа е намерно измонтирано за да се поткопа неговата работа како новинар.

Најчитани

Со нови…
06/06/2025 12:07

За Влад…
08/06/2025 15:02

За еден ден…
06/06/2025 20:15

Нападите на Митовски се поврзани со фактот дека „Инфомакс“ е остар критичар на власта, особено околу трагедијата во Кочани, барајќи одговори од оние што сега владеаат и на државно и на локално ниво, посебно апострофирајќи ја полицијата. Хајката на социјалните мрежи го инкриминира Митовски дека, наводно, соработува со поранешниот премиер и лидер на СДСМ.

Здружението на новинари на Македонија (ЗНМ) денеска остро реагираше на „координираната онлајн кампања на вознемирување и дискредитација насочена кон уредникот на ‘Инфомакс’, Александар Митовски“.

Во соопштението на ЗНМ се вели:

„Видео материјалот е злоупотребен со јасна намера да се креираат негативни наративи кон Митовски, кои потоа се шират преку провокатори, но и анонимни ботови, што резултира со масовна онлајн хајка, говор на омраза и повици за насилство.

ЗНМ потсетува дека секој медиумски работник има право слободно да се движи и комуницира со различни извори и личности, без страв од јавна дискредитација или притисок.

Предупредуваме дека ваквите организирани напади можат да имаат сериозни последици врз слободата на изразување и безбедноста на медиумските работници и истите можат да придонесат кон авто цензура.

Потсетуваме дека говорот на омраза и повиците за насилство на социјалните мрежи претставуваат кривично дело, за кое одговорност носат и оние што го поттикнуваат и оние што го извршуваат.

Ги повикуваме сите јавни личности, политички субјекти и корисници на социјалните мрежи на свесност и одговорност во јавниот говор, особено кога се работи за лица активни во медиумската сфера“.

Митовски се најде на удар на провладините поддржувачи и објавите од лажните профили затоа што поставува директни и прилично непријатни прашања за улогата на властите и нивната одговорност во трагедијата во Кочани.

Инже… Траса…
09/06/2025 08:21

Неви… сцен…
09/06/2025 13:06

ЛПДП: Нема…
06/06/2025 07:53





Митовски тие прашања им ги поставуваше на пресконференции на премиерот Христијан Мицкоски и министерот за внатрешни работи, Панче Тошковски.

ПОВРЗАНИ СОДРЖИНИ

Алијансата на Таравари вели дека законот за правична застапеност се одолговлекува

11/06/2025 10:06

(Во живо) Изјави пред научно-стручната расправа за предлог-законот за Судскиот совет

11/06/2025 09:06

Зголемен интензитетот на сообраќај на патиштата, на граничните премини нема подолги задржувања

11/06/2025 07:06

Судењето за убиството на Вања и Панче продолжува со завршен збор на Обвинителството

11/06/2025 07:06

Втор екстерен испит од државната матура, најмногу пријавени за тестот по англиски јазик

11/06/2025 07:06

Првите компресивни облеки пристигнуваат на 16 јуни – ги обезбеди „Сапорт Кочани“

10/06/2025 21:06

(Видео) Кочанскиот градоначалник бара министерката за финансии да дозволи отворање на градинката

10/06/2025 21:06

Ципрас и Заев им ја доделија Преспа наградата за мир на режисерите на документарниот филм „No Other Land“

10/06/2025 21:06

© Независен Весник 2019 -2025